# ЗА ПЕТРОВЕЦ
# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ
# НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исключиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани,

Повторно застанувам пред Вас, и со голема почит и одговорност ја барам вашата доверба и поддршка за поматамошен развој за нашата Општина Петровец.

Со правото на глас на престојните локални избори одлучувате кој и во која насока ќе продолжи да ја развива Општина Петровец.

Во изминатиот период докажавме како преку посветена и одговорна работа може нашата општина, од рурална да прерасне во урбана општина.

Пред Вас е нашата изборна програма, која е прозивод на долгогодишна соработка со сите Вас и која нуди решенија и проекти за подобар живот на сите луѓе во Општина Петровец.

Продолжуваме со политиките кои ќе придонесат за економски силна Општина Петровец, која ќе биде пристоен дом за повозрасните и ќе нуди повеќе можности и перспективна иднина на младите.

Досегашните реализрани проекти се потврда и дополнителен мотив за нас да продолжиме и во наредните четири години даградиме силна и просперитетна општина.

Со Вас граѓаните, заеднички, продолжуваме да јаградиме Општина Петровец за сите нас.

Македонија за сите!

Со почит,

Борче Митевски

Градоначалник

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите граѓани на Република Македонија.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложиме за:

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ПЕТРОВЕЦ

## КУЛТУРЕН ДОМ

Општината се обврзува да изгради Културен дом кој што ќе биде место за значајни културни и уметнички настани и случувања. Културниот дом е планирано да биде изграден во населеното место Петровец и ќе овозможи културен и социјален напредок на ѓраѓаните од сите населени места.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023-24 година.

## ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

Изградба на детски градинки во населените места Ржаничино и Долно Коњари. Овие детски градинки ќе овозможат подобрување на економскиот стандард кај граѓаните бидејќи ќе има можност за престој и згрижување на нивните деца додека тие се на работа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Петровец

**Рок на реализација:** 2024-25 година.

## СПОРТСКА САЛА

Изградба на спортска сала во населеното место Огњанци за потребите на наставата по Физичко и здравствено образование на ООУ „ Кочо Рацин " подрачно училиште Огњанци. Оваа спортска сала ќе биде особено значајна за психо-физичкиот рзвој на учениците и јакнење на нивниот дух и тело.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022-24 година.

## ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ ЗА ОТПАДНИ ВОДИ

Се предвидува изградба на пречистителна станица за отпадни води при што со нејзина реализација ќе биде решен проблемот со загадувањето на реките.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Петровец

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ПЕШАЧКО –ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ СО ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ И ОСВЕТЛУВАЊЕ

Пешачка и велосипедска патека со хортикултурно уредување и осветлување на населените места Петровец и Ржаничино во должина од 2 км. Оваа патека ќе овозможи рекреација и релаксирање на ѓраѓаните со што ќе се подобри квалитетот на живот и користење на слободното време

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022-23 година.

## НИСКИ И РАМНИ ДАНОЦИ

Овозможување на ниски и рамни даноци со што ќе се води сметка за подобрување на економските политики имајќи го во предвид стандардот на граѓаните

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Главна цел е подобрување на условите за живот на сите луѓе што ќе овозможи поубав и поквалитетен живот и посреќни граѓани на Општина Петровец. Општина во која што ќе живеат задоволни граѓани и ќе ги имаат сите потребни услови за едно современо домување. Развој на економскиот стандард и можности за работни места за секој граѓанин во Општина Петровец.

## 3.1. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Како ВМРО-ДПМНЕ се обврзуваме дека во наредните четири години ќе дадеме целосна поддршка на иновациите и претприемништвото. Ќе ги подобриме локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП. Воедно се залагаме за донесување на локална стратегија за промоција на странски инвестиции и ќе посветиме големо внимание на давањето на поддршка на занаечиството и малите локални бизниси.

### ➤ ПОДДРШКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЛАДИНСКА, НАУЧНО-ОБРАЗОВНА ЛОКАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА

Поддршка за формирање на младинска, научно-образовна локална канцеларија во Петровец. Предвидена е поддршка на младите за развој на претприемачкиот дух преку орграницирање на трибини, обуки, саеми и помош при аплицирање за користење на средства од меѓународните фондови. Младите, несомнено, имаат потреба од поддршка и размена на искуства неопходни за постигнување на позитивни резултати и успеси во приватниот сектор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПРОДОЛЖУВАМЕ СО ЛОКАЛНА ПОДДРШКА ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Поддршката за отворање на нови бизниси за граѓаните од Петровец ќе оди преку поддршка од страна на општината. Зо овој проект се предвидува еден од постојните општински објект со што би се обезбедил канцелариски простор за претприемачи кои започнуваат сопствен бизнис. Младите претприемачи ќе имаат можност бесплатно да започнат да ги развиваат своите идни бизнис- планови и со тоа да си овозможат подобра иднина во Петровец. Исто така ќе се даде поддршка за водење на бизнис на мали и средни претпријатија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ПРОДОЛЖУВАМЕ СО ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

Промоција на Општина Петровец преку медиуми, настани и активности кои што ќе ги содржат сите податоци и поволности што ги нуди Општина Петровец за инвестирање и развој на локалната економија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПОДДРШКА НА ЗАНАЕЧИСТВОТО И МАЛИТЕ ЛОКАЛНИ БИЗНИСИ

Предвидена е изработка на нова Стратегија за локален економски развој за поддршка на занаетчиството и малите локални бизниси со јасно дефинирани активности и насоки за дејствување, кои во наредниот период ќе бидат целосно реализирани.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

Дигитална, модерна и современа општина која што ќе биде во тек со времето и информатичко – технолошкиот развој. Опремување и осовременување на институциите со кои што раководи општината со најсовремена информатичка техника. Примена на е- услуги за граѓаните со цел ефикасна и побрза услуга на граѓаните.

## ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со проектот се планира воведување на бесплатно достапна јавна интернет мрежа на дел од јавните површини.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ - ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

Проектот е замислен како „open data систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот“. Со истиот ќе им се овозможи на граѓаните на Општина Петровец брза и ефикасна достапност по електронски пат на сите потребни документи и информации од општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИ ПРОБЛЕМИ

Воведување на систем кој ќе овозможи во секое време од денот, преку интернет порталот на општината или компатибилно мобилно решение, да се пријави комунален проблем кој општинските служби ќе се обидат да го решат или да ги информираат граѓаните до каде е решавањето на проблемот во најкраток можен рок.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## СОФТВЕР ЗА ЕЛЕКТРОНСКА АРХИВА

Софтвер за канцелариско и архивско работење ќе биде решение за електронско следење на сите предмети поврзани со работата на локалната самоуправа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## СИСТЕМ ЗА ДИГИТАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ

Воведување на систем за дигитализација на општинските услуги и сите административни процеси, кој ќе овозможи навремено и квалитетно завршување на обврските на граѓаните и работните задачи на администрација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

Општина која што ќе биде отворена за задоволување на сите потреби за едно модерно и урбано живеење . Полесен пристап до руралните места за граѓаните кои што живеат таму и посетителите кои што рекреативно ги посетуваат. Изградба на патишта и објекти кои што ќе ги задоволат потребите на граѓаните.

## ИНФРАСТРУКТУРНА ПОВРЗАНОСТ

## 5.1. (ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОВРЗАНОСТ)

### РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ПЕТРОВЕЦ-ОГЊАНЦИ

Локалниот пат Петровец-Огњанци има потреба од реконструкција и рехабилитација во должина од 3 км. Ќе се овозможи полесен и побрз пристап до општина Петровец и градот .

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година

### ИЗГРАДБА НА КОМПЛЕТНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА

Проектот ќе опфати изградба на улици и тротоари како и поставување на ново улично осветлување со ЕЕ светилки. Изградбата на локален пристапен пат од н.м Петровец до Индустриска зона Ќојлија во должина од 500 м ќе овозможи побрзо пристигнување на вработените на своите работни места и побрзи услуги на фирмите во индустриската зона.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ КАТЛАНОВО-БЛАЦЕ-КОЖЛЕ

Реконструкцијата и рехабилитацијата на локален пат Катланово-Блаце-Кожле. Ќе овозможи полесен и побрз пристап до Општина Петровец и градот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ БРЕЗИЦА

Овој патен правец во должина од 400 м, кој на одредени места е во многу лоша состојба, ќе биде целосно реконструиран со поставување нов асфалтен слој.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗГРАДБА НА ПРИКЛУЧОК ЗА АВТОПАТОТ ШТИП, ОД МОСТОТ НА ПЧИЊА, СРЕДНО КОЊАРИ

Изградба на пат (приклучок) за автопатот Штип, од мостот на Пчиња, Средно Коњари во должина од 250 м.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022 година.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА ПРЕОСТАНАТИ ЛОКАЛНИ УЛИЦИ

Асфалтирање на сите преостанати локални улици во населените места во општина Петровец во должина од 10 км.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ГРАДМАНЦИ

Со оглед на тоа што овој патен правец е оштетен на неколку локации, потребно е да се изврши реконструкција на пристапниот пат до село Градманци.

**Извор на финансирање:** Еу фондови

**Рок на реализација:** 2024-2025 година.

# 5.2. УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА (ИНВЕСТИЦИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ГРАДЕЊЕ НА МЕСТА ЗА РЕКРЕАЦИЈА)

Инвестирање во подобрување на локалната патна и велосипедска инфраструктура, градење на места за рекреација и подобрување на локалниот јавен превоз).

### ИЗГРАДБА НА НОВА ОПШТИНСКА ЗГРАДА ВО ПЕТРОВЕЦ

Општина Петровец ќе добие нова модерна зграда за потребите на современото административно работење и услуги на граѓаните.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.

### РЕГУЛАЦИЈА НА СООБРАЌАЈОТ И ИЗРАБОТКА НА СООБРАЌАЕН ПРОЕКТ ЗА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Решавање на сообраќајниот метеж со проектно решение за паркинг простор на френкфентни делови во н.м. Петровец.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

# 5.3. УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

### ЕЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНАТА СО ЛЕД-СВЕТИЛКИ

Преку промена на постојните живини со ЕЕ ЛЕД-светилки, освен што ќе се подобри квалитетот на уличното осветлување, значително ќе се намали и трошокот за електрична енергија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ПЕШАЧКА ПАТЕКА СО ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ И ОСВЕТЛУВАЊЕ ОД ЦЕНТАР НА ГОРНО КОЊАРИ ДО ИЗЛЕЗОТ НА ПАТОТ КОН ВИНЦЕ

Изградба на пешачка патека со хортикултурно уредување и осветлување од центар на Горно Коњари до излезот на патот кон Винце

350 м со што ќе се зголеми безбедноста на граѓаните и естетскиот изглед на населеното место.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## МЕСНА ЗАЕДНИЦА ВО СРЕДНО КОЊАРИ

Изградба на Месна заедница во Средно Коњари , која што ќе служи за потребите на граѓаните, организирање на состаноци, настани и активности од социјален карактер.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПЕШАЧКА ПАТЕКА СО ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ И ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ВЛЕЗ ОД СЕЛО СУШИЦА ДО ПЛОШТАД СУШИЦА 300 М.

Изградба на пешачка патека со хортикултурно уредување и осветлување на влез од село Сушица до Плоштад Сушица во должина од 300 м за поголема безбедност на граѓаните како и естетскиот изглед на населеното место.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД ДОЛНО КОЊАРИ ДО ФУДБАЛСКИОТ СТАДИОН ВО ДОЛНО КОЊАРИ

Изградба на пешачка патека од Долно Коњари до фудбалскиот стадион во Долно Коњари во должина од 200 м која што ќе овозможи поголема пристапност до фудбалскиот терен.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД ВЛЕЗ НА СРЕДНО КОЊАРИ ДО ЦЕНТАРОТ НА СРЕДНО КОЊАРИ

Изградба на пешачка патека од влез на Средно Коњари до центарот на Средно Коњари 250 м со која што ќе се зголеми безбедноста на граѓаните.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## 5.4. ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ (НОВ ОДРЖЛИВ КОНЦЕПТ НА УРБАНИЗАЦИЈА И ДОМУВАЊЕ)

### ИЗРАБОТКА НА НОВ ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Ќе се направи ново зонирање и основа за изработка на нови детални урбанистички планови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВИ ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

### ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА НАСЕЛЕНИ МЕСТА РЖАНИЧИНО, ОГЊАНЦИ И ПЕТРОВЕЦ.

Изработка на повеќе детални урбанистички планови за делови од општината и населените места поради надминување на важноста на постојните ДУП, како и изработка на нови за местата за каде што нема изработено ДУП, односно изготвување на детални урбанистички планови за населени места Ржаничино, Огњанци и Петровец.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 6. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Проектите имаат за цел да ги подобрат просторните услови во училиштата со што би се овозможило обезбедување на квалитетна настава и креирање на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес, создавање на млади кадри кои ќе бидат конкуренти на пазарот на трудот и ќе се развијат во здрава психофизичка личност.Со ова всушност ќе се исполнат и основните приоритети на локалната самоуправа во областа на образованието.

## МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ (МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СИТЕ УЧИЛИШТА СОГЛАСНО ЕУ СТАНДАРДИТЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА УЧЕЊЕ.

Подобрување на условите за учење со што ќе се овзможи квалитетно образование за младите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## СПОРТСКА САЛА

Изградба на спортска сала во населеното место Огњанци за потребите на наставата по Физичко и здравствено образование на ООУ „ Кочо Рацин ", подрачно училиште Огњанци. Оваа сала ќе биде особено значајна за психо-физичкиот рзвој на учениците и јакнење на нивниот дух и тело.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022-24 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР ВО ООУ КОЧО РАЦИН ПЕТРОВЕЦ

Уредување на училишниот двор во ООУ „Кочо Рацин“, Петровец и изградба на спортско- рекреативен парк.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ПОДРАЧНОТО УЧИЛИШТЕ КОЧО РАЦИН ВО ОГЊАНЦИ ДОИЗГРАДБА НА ДВЕ УЧИЛНИЦИ.

Проширување на капацитетите на подрачното училиште „Кочо Рацин“ во Огњанци и доизградба на две училници за потребите на наставата во училиштето.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022 година

## ПРОШИРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ПОДРАЧНОТО УЧИЛИШТЕ ,,БРАТСТВО ЕДИНСТВО”,ДОЛНО КОЊАРИ

Проширување на капацитетите на подрачното училиште ,,Братство единство” во Долно Коњари, доизградба на две училници за потребите на наставата во училиштето.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година

## ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ СЕМЕЈСТВА СО ДИГИТАЛНИ УРЕДИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Доделување на дигитални уреди за образование со што ќе се даде поддршка на социјално ранливи семејства.

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ (СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ОД СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ СЕМЕЈСТВА)

Поддршка и помош на ученици и студенти од социјално ранливи категории за да можат подеднакво да се образуваат и учат.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година

## ПОДДРШКА НА ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Опремување на училница за ученици со посебни образовни програми во ООУ „Кочо Рацин“, Петровец

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПОДДРШКА НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Доделување на награди за учениците кои што ќе освојат значајни места на натпревари, конкурси и други манифестации каде што ќе учествуваат и ќе го промовираат училиштето и општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР, ПОДОБРЕНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА И Е-УЧИЛИШТЕ

Инвестиции во наставниот кадар со тоа што ќе се обезбеди учество на обуки, семинари и конференции и други активности кои што ќе придонесат за нивниот професионален развој. Подобри материјално- технички услови и за работа и доопремување на училиштата со информатичко- компјутерска технологија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 7. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел поголема афирмација на општината преку промоција на нашите позитивни вредности во меѓународни рамки, но исто така и пристапот на размена на искуства преку продолжување и проширување на соработката со општини од соседните европски земји,можеме да ја приближиме Општина Петровец до европскиот животен стандард, а со тоа и да го подобриме Локалниот економски развој.

## ВОСПОСТВУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРАКТИКИ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

Продолжуваме со воспостваање на европски практики и имплементирање на европски вредности преку соработка со соседни земји и земји членки на ЕУ. Јакнење на капацитетите на граѓанските организации со цел аплицирање на ЕУ проекти и интензивирање на соработка со ЕУ преку воспоствaување на ЕУ локални информативни центри).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Европски фондови

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

Соработка и воспоставување партнерства со општини од Европска Унија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Европски фондови

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОМОВИРАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ ВО СОРАБОТКА СО ПРЕСТАВНИЦИТЕ НА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ ВО МАКЕДОНИЈА

Промовирање на вредностите на Општина Петровец, воспоставување соработка со амбасади и претставништва на земјите членки на ЕУ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Европски фондови

**Рок на реализација:** 2022 година.



### ВОСПОСТУВАЊЕ НА СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР И ГРАЃАНСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА

Воспоставување на соработка со невладиниот сектор и граѓански здруженија со цел подобрување на живот на граѓаните во општината, преку учество во проекти, работилници и други активности.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година.

# 8. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е едно од основните права, но и обврски на граѓаните на Република Македонија. Заштитата на животната средина претставува еден од врвните приоритети со кои сакаме да постигнеме не само заштита на природата, туку пред се одржливо користење на природните ресурси на Македонија и одржлив економски развој.

## УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

### ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПТ НА ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Овој проект ќе опфати изградба на паркови со поставување на нова урбана опрема, осветлување и детски реквизити во општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023 година.

### ИЗГРАДБА НА МАЛИ ДЕТСКИ КАТЧИЊА И ИГРАЛИШТА ВО ПОВЕЌЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Изградба на мали детски игралишта во повеќе населени места.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНИ МЕСТА ПЕТРОВЕЦ И РЖАНИЧИНО

Се предвидува изградба на пречистителна станица за отпадни води при што со нивната реализација ќе биде решен проблемот со загадувањето на реките.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-25година.

### ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НОВИ ИЗВОРИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ СУШИЦА, ДИВЉЕ И ЧИФЛИК.

Обезбедување на нови извори на вода за населените места Сушица, Дивље и Чифлик.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА И РАЗВОЈ НА ЗЕЛЕНА АРХИТЕКТУРА

### ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПТ НА ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОПШТИНА

Засадување на цвеќиња и одржување на зеленилото, како и подобрување на хигиената во општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ОДРЖЛИВО РЕШЕНИЕ ЗА ДИВИ ДЕПОНИИ И ЗЕЛЕН ОТПАД

### ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Поставување на штедливо лед јавно осветлување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ОПРЕМА ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА.

Поставување на канти и контејнери во сите населени места во општината, со цел почиста и позелена Општина Петровец.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023 година.



# 9. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Имајќи ја во предвид големата улога што ја има туризмот во локалниот економски развој,општините својата економска плодност се повеке ја препознаваат во збогатувањето на туристичката понуда и подигнување на стандардите за квалитет во овој сектор.

## СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Предвидена е изработка на нова Стратегија за локален економски развој со јасно дефинирани активности и насоки за дејствување, кои во наредниот период ќе бидат целосно реализирани. Ажурирање на податоците во неа и нејзина реализација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ КОЖЛЕ, ДИВЛЕ И КАТЛАНОВСКА БАЊА.

Овие туристички места заслужуваат и ќе добијат своја промоција и поддршка на локалниот туризам во населените места Кожле, Дивле и Катлановска Бања. Со тоа ќе се овозможи развој на бањскиот и рурален туризам. Ќе се поставаат информативни туристички табли во Кожле и Дивље за полесно пешачење на терен на рекреативците.

Ќе се изградат планирски летниковци во Кожле и Дивље и ќе се реконструира Планинарски Дом Дивље.Ќе биде изградена трим патека Катланово-Катлановска Бања во должина од 2 км.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022-25 година.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ ЗА ТУРИСТИТЕ

Електронски информативните табли за туристите ќе служат за информирање и лесно пронаоѓање на туристичките места. Овие информативни табли се во насока на подобрување на туристичката понуда и привлекување на туристите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 10. СПОРТ И КУЛТУРА

Досегашната пракса на инвестирање и создавањето на услови за спортување на сите генерации, постојано се докажува како највредна инвестиција корисна за сите генерации.Со изградбата и реконструкцијата, опремувањето на спортските сали, фудбалските и тениските игралишта, организирањето и субвенционирањето на голем број спортски настани, поддршката на спортските таленти, директно придонесуваме за правилен психо-физички развој на децата, професионалците и гостите кои ги посетуваат овие содржини. Нашата тенденција на дисперзија на спортските содржини, наиде на огромно задоволство кај жителите од сите населени места, каде заживеа играњето на традиционалните турнири во мал фудбал. Тоа ни е мотив повеќе да продолжиме понатаму.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

(реконструкција на постоечките спортски објекти и градење на нови спортски центри за различни спортови).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТСКИ ТАЛЕНТИ - КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ

Општината и во наредниот период ќе продолжи со поддршка на спортот и спортските друштва.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Негување на традицијата, обичаите, културата и културното наследство на нашата Општина Петровец и нивна промоција.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИ, ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ КУЛТУРНО –УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА

Поддршка на културни настани и манифестации, поддршка на локалните културни друштва и отворање на едукативни центри за култура.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 11. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Социјалната заштита претставува основен императив на политиките на секоја општина со цел создавање на услови за инклузивно и кохезивно општество преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекс на заедницата. Континуитетот во насока на подобрување и унапредување на здраствената заштита на граѓаните претставува наша основна цел.

## ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ

### ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

Изградба на детски градинки во н.м. Ржаничино и Долно Коњари. Овие детски градинки ќе овозможат подобрување на економскиот стандард кај граѓаните бидејќи ќе имаат можност за престој и згрижување на нивните деца додека тие се на своите работни места.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Петровец

**Рок на реализација:** 2024-25 година.

### ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ ВО СОРАБОТКА СО МЛАДИТЕ

Известувања на веб-страната на Општината за потребата од одредени донации, во соработка со НВО-секторот при организирање на хуманитарните акции.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ПОДДРШКА НА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ И САМОХРАНИ РОДИТЕЛИ

Помагање и материјална поддршка на лицата со посебни потреби и самохраните родители.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА И ПОМОШ НА СТАРИТЕ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ

Ангажирање на лица волонтери кои секојдневно ќе им помагаат на старите и изнемоштени лица и на лицата со оштетен вид и телесен инвалидитет.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЛОКАЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ НА СИТЕ ЛУЃЕ ВО ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Ставање на сите капацитети на локалната самоуправа во борба за превенција и заштита од пандемија предизвикана од корона вирусот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРЕЗЕНТАЦИИ И ТРИБНИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА СОЧУВУВАЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

Организирање на повеќе трибини со разни целни групи на кои од страна на стручни медицински лица ќе им бидат презентирани определени заболувања, нивна превенција и лекување, се со цел нивно спречување и навремено лекување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 -25 година.

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*